Доколку се наиде на одобрување од страна на донаторската заедница ќе се отпочне со реализација на проектот за имплементацијата на единствениот регистар на обезбедени трансакции треба да даде нов квалитет во пристапот кон кредитирање посебно за малите и средни претпријатија. Со нив под единствен режим треба да се обединат постојните регистри за залог, лизинг, фидуција и продажба со задржување на правото на сопственост, но и поедноставување на постапката за пристап до кредитирање.

Доколку се добие согласност за финансиска поддршка проектот треба да се развива во неколку компоненти.

Проектот има неколку компоненти и тоа:

- Воспоставување на нова интегрирана правна рамка за обезбедени трансакции;
- Имплементација на нов единствен регистар на обезбедени трансакции;
- Организациска компонента вклучително и обуки за кредитодавателите.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

Проектот единствен регистар на обезбедени трансакции е повеќегодишен проект што ќе значи возобнова на најстариот регистар кој се води во застарено технолошко решение и обединување на повеќе системски решенија што поддржуваат евидентирање на побарувања од доменот обезбедени трансакции.

Очекувани влијанија: Имплементација на единствениот регистар на обезбедени трансакции треба да даде нов квалитет во пристапот кон кредитирање посебно за малите и средни претпријатија. Со нив под единствен режим ќе се обединат постојните регистри за залог, лизинг, фидуција и продажба со задржување на правото на сопственост, но и поедноставување на постапката за пристап до кредитирање. Ова е повеќегодишен проект што ќе значи возобнова на најстариот регистар кој се води во застарено технолошко решение и обединување на повеќе системски решенија што поддржуваат евидентирање на побарувања од доменот обезбедени трансакции.

Приоритет: висок
Извори на средства:
Надлежност: СВР/КД/ОПРМ
Временска рамка: 2022 година

2.2 Проект за надградба на Едношалтерскиот систем - Софтверско решение за активација на банкарската сметка преку ЕШС

Проект за надградба на Едношалтерскиот систем - Софтверско решение за активација на банкарската сметка преку ЕШС. РСМ долго време бележи пад на ранглиста за Отпочнување на бизнис, заради броењето на време за активација на сметка. ЦРРСМ е задолжен да ја преиспита можноста за активација на сметка преку ЕШС. Проектот треба да се спроведе во соработка со КИБС; НБРСМ и деловните банки. Размена на договор и други документи за отворање на сметка) и технолошка надградба на сите постојни сервиси за размена на податоци (со УЈП и банките)Едношалтерскиот систем (системот за размена на податоци со партнерите) е правен во 2005 година и е технолошки застарен, одредени технологии немаат воопшто поддршка од производителите. За развојниот проект – Софтверското решение за надградба на Едношалтерскиот систем за активација на банкарска сметка преку Заедничката платформа за започнување на бизнис сме во преговори со донаторската заедница преку Светска Банка. Отпочнувањето е неизвесно но се планираа во периодот декември 2020 година – 2022 година. За овој проект постои задолжување за постапување од страна на Министерството за финансии и Владата , а е потребно да се спроведе заради подобрување на бизнис климата и деловното окружување, како и олеснување на постапките за отпочнување на бизнис. Овој проект ќе се реализира во соработка со Клириншка Куќа КИБС АД Скопје, Македонската Банкарска Асоцијација и Народната Банка на РСМ. Проектираниот буџет не е се уште детално прецизиран, заради што може да претрпи измени во иднина и истиот ќе зависи од утврдениот опфат и анализата за неговиот обем.

Очекувани влијанија: Поедноставени и побрзи постапки за упис. Нови услуги во Едношалтерскиот систем и позадоволни корисници. Зголемени перформанси, достапност и управливост на системот со технолошката надградба. Подобрување на бизнис климата, унапредување на рангот на Doing Business.

Приоритет: висок
Извори на средства:
Надлежност: СВР/Регистартор
Временска рамка: 2022 година

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

2.3 Проектот за Централизирана платформа за евидентирање на издадени лиценци и дозволи

Проектот за Централизирана платформа за евидентирање на издадени лиценци и дозволи со нивната важност, истекот, условите под кои се издава лиценцата/дозволата, како и секоја последователна измена на истата - одземање, продолжување и сл.

Очекувани влијанија: Платформата ќе овозможи пристап до сите засегнати страни во јавниот сектор за влез и ажурирање на информации поврзани со лиценци/дозволи што се во нивна надлежност.

Приоритет: висок
Извори на средства:
Надлежност: СВР/Регистартор
Временска рамка: 2022 година

2.4 Дигитализација на архивата на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица и оптимизација на е-архива и архивата во хартиена форма на ЦР

Дигитализација на архивата на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица (судски регистарски влошки) е проект со висок приоритет за Централен регистар. Оптимизација на е-архива и архивата во хартиена форма на ЦР значи подигнување на нивото на безбедност на информации, заштита на информациите од значење за државата, безбедност на единствената веродостојна верзија на документи за правните и физичките субјекти за кои ЦР е надлежен.

Очекувани влијанија: Придобивки од целосна имплементација на проектот:

- Минимизирање на можноста од закани за безбедноста на информации во архивите што би предизвикало загуба или штета за Централен регистар на Република Северна Македонија, корисниците како и деловните партнери;
- Минимизирање на степенот на загуба или штета предизвикано од безбедносен прекршок или изложување;
- Превземање на суштинските мерки на безбедноста на информации во архивите на ЦР;
- Превземање на одговорностите и обврските на вработените директно вклучени во работењето со архивите на ЦР, примена на усвоен регулативен документ
- Осигурување дека принципите за безбедност на информации постојано ефективно ќе се применуваат во текот на работењето со архивите на ЦР
- Подобар квалитет, поедноставен пристап до целокупната документација за правните субјекти основани пред 1.1.2006 година во судовите.
- Подобар пристап до судските влошки кои се со трајна вредност и од државен интерес.
- Контрола на сегашната состојба на скенираните документи и рескенирање на оние со слаб квалитет.
- Континуирана контрола на процесот на дигитализација од страна на надлежните согласно усвоениот регулативен документ

Овој проект е повеќегодишен и се планира по неговата реализација, регистарските влошки да се преземат од регистарските канцеларии и складираат и заштитат на единствена локација, додека корисниците ќе се опслужуваат со валидна дигитална верзија – верна на оригиналот.

Приоритет: висок
Извори на средства: сопствени ресурси

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

Надлежност: СВР/Регистратор/надлежни раководители
Временска рамка: Во текот на цела 2022 година

2.5 Анализа и иницијатива за промена на законските прописи согласно Директивите на Европска Унија

Учество во формирани на работни групи за спроведување на анализа и предлагање соодветни промени на постојните законски прописи во делот на уписи, промени и издавање на информации во рамките на поединечните регистри во Централен регистар. Промени на законските прописи со цел усогласување со Директивите на Европска Унија.

Очекувани влијанија: Надминување на проблеми со кои се соочува Централен регистар како и надворешните корисници. Усогласување согласно барањата на ЕУ. Позитивен Извештај за РСМ од страна на Европската Комисија услов за пристапните преговори за приклучување и влез во ЕУ.

Приоритет: висок
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: СВР/Регистратор
Временска рамка: Континуирано во текот на 2022 година.

2.6 Дигитализација на услугите на институцијата кон бизнис заедницата и граѓаните

Централен регистар во континуитет повеќе од 10-на година работи на подигнување на степенот на дигиталната трансформација, клучна цел на Централниот регистар и во 2022 во планот за работа е дигитализацијата и електронските услуги што ќе резултира во целосно електронско водење на сите регистри и голем број на услуги кои може да се добијат целосно по електронски пат.

Во продолжение се клучните проекти и редовни активности за дигитализација на услугите на институцијата кон бизнис заедницата и граѓаните кои ќе се реализираат во 2022 година и кои се дел од планот за работа на институцијата за 2022:

2.6.1 Надградба на Едношалтерски систем

Надградба на Едношалтерскиот систем (во понатамошниот текст: ЕШС) што ќе овозможи нови услуги преку интеграција со Управата за јавни приходи (УЈП) и Царинска управа (ЦУ) за автоматско добивање на податоци/документи за платени даноци, придонеси и царински давачки, интеграција со Централниот регистар на население, технолошка надградба на под системот за размена на податоци со УЈП и банките и други нови функционалности.

Покрај технолошка надградба на ЕШС, проектот предвидува и измена на постојната регулатива (Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица, Законот за трговските друштва и други закони) со цел усогласување со Законот за централен регистар на население, Законот за електронско управување и електронски услуги и Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги. Измената на законите ќе овозможи и спроведување на уписи во регистарот на другите правни лица по електронски пат.

Очекувани влијанија: Надградбата на ЕШС ќе ги прошири електронските услуги кои се нудат на едношалтерски принцип, ќе ги забрза и поедностави процесите на поднесување на пријави за упис, ќе придонесе во повисок квалитет на податоците кои се евидентираат во Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица и ќе овозможи усогласување со законската регулатива, посебно со Законот за електронско

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

управување и електронски услуги, Законот за прибавување и размена на докази и податоци по службена должност и Законот за централен регистар на население (ЦРН).

Приоритет: висок
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: СВР/СИТ/Регистратор
Временска рамка: Планирано е проектот да трае 12 месеци и да заврши кон крајот на 2022 година.

2.6.2 Надградба на дистрибутивниот систем, системот за е-потврди и системот за електронско плаќање

Надградба на дистрибутивниот систем (во натамошниот текст: DS), системот за е-потврди (во натамошниот текст: CRIS) и системот за електронско плаќање (во натамошниот текст: EPAY), што вклучува нов модерен кориснички интерфејс, нова сервисна архитектура и нови функционалности, што ќе овозможи поефикасно нудење постојните електронски услуги и 11 (единаесет) нови електронски услуги, како и нови начини на нарачка и дистрибуција на информации од регистрите кои ги води ЦР, со крајна цел побрз и поедноставен пристап до релевантни правни и финансиски податоци за бизнис заедницата и граѓаните.

Во рамките на проектот ќе се изврши и усогласување на работењето на ЦР со Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги во делот на работа со електронски документи, односно при создавањето на електронските документи, покрај електронски потпис/печат ќе се примени и стави квалификуван електронски временски жиг, со што ќе се зголеми доверливоста и интегритетот на електронските документи кои ЦР ги создава.

Очекувани влијанија: Надградбата на дистрибутивниот систем ќе овозможи побрз и поедноставен пристап до релевантни правни и финансиски податоци за бизнис заедницата и граѓаните со што ќе се зголеми доверливоста и интегритетот на електронските документи кои ЦР ги создава.

Приоритет: висок
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: СВР/СИТ/Регистратор
Временска рамка: Планирано е проектот да трае 12 месеци и да заврши кон крајот на 2022 година.

2.6.3 Надградба и интеграција на системот за централизирано управување на корисници (ЦМК) со Националниот систем за единствена најава (ССО)

Надградба и интеграција на системот за централизирано управување на корисници (ЦМК) со Националниот систем за единствена најава (ССО), што ќе овозможи модернизација и оптимизација на постојниот систем на ЦР, со цел поедноставен пристап до електронските услуги на ЦР кои се нудат преку сопствени системи, за корисниците на националниот портал за е-услуги.

Очекувани влијанија: Преку воспоставување на доверба меѓу двата система за најава, најавените корисници на националниот систем за единствена најава (ССО) ќе може да користат електронски услуги кои ги нуди ЦР преку сопствените системи, без притоа да треба повторно да поминуваат низ процесот на автентикација и основно ниво на авторизација, односно ќе имаат веднаш пристап до системите на ЦР кои нудат определени електронски услуги со основно ниво на авторизација.

Приоритет: висок

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: СВР/СИТ/Регистратор
Временска рамка: Планирано е проектот да трае 4 месеци и да заврши кон крајот на 2022 година.

2.6.4 Пуштање во употреба на 15-тина електронски услуги од регистрите кои ги води ЦР за регионалната регистарска платформа (bifidex.com)

Пуштање во употреба на 15-тина електронски услуги кои обезбедуваат податоци од регистрите кои ги води ЦР за регионалната регистарска платформа (bifidex.com), проект кој во последните неколку години ЦР го реализира заеднички со регистрите од регионот (Србија, Албанија, Црна Гора и БИХ-Република Српска), и кој ќе придонесе кон остварување на целите на иницијативата „Отворен Балкан" преку целосно електронски пристап до информации за можни деловни партнери од регионот и можност за следење на активности на постојни деловни партнери.

Очекувани влијанија: Развојот на регионалната регистарска платформа ќе придонесе кон остварување на целите на иницијативата „Отворен Балкан" преку целосно електронски пристап до информации за можни деловни партнери од регионот и можност за следење на активности на постојни деловни партнери.

Приоритет: висок
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: СВР/СИТ/Регистратор
Временска рамка: Пуштањето во употреба е планирано на почетокот од првиот квартал на 2022 година.

2.6.5 Надградба на веб сервиси

Континуирана надградба на веб сервиси кои обезбедуваат правно валидни структурирани податоци и информации од регистрите кои ги води ЦР за државните органи преку платформата за интероперабилност и други субјекти, во согласност со нивните барања и потреби. Овие активности се реализираат континуирано секоја година.

Очекувани влијанија: Подобри перформанси и олеснување на работата на надворешните корисници како и на вработените во Централен регистар.

Приоритет: висок
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: СВР/СИТ/Регистратор
Временска рамка: Континуирано во текот на 2022 година.

2.6.6 Надградба на софтверското решение за водење на регистарот на вистински сопственици

Надградба на софтверското решение за водење на регистарот на вистински сопственици со дополнителни функционалности во делот на уписите, асоцијациите и на излезните информации и дополнителна интеграција со трговскиот регистар и регистарот на други правни лица, како и целосно електронска размена на податоци за потребите на Управата за финансиско разузнавање, а во согласност со постојниот Закон за спречување перење на пари и финансирање на тероризам, како и новиот предлог Закон.

Очекувани влијанија: Нови подобри перформанси и олеснување на работата на надворешните корисници како и на вработените во Централен регистар, целосно усогласување со законските прописи.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

Приоритет: висок
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: СВР/СИТ/Регистратор
Временска рамка: Планирано е проектот да трае 9 месеци и да заврши на почетокот на 2023 година.

2.6.7 Дигитализација на интерни процеси на институцијата

Дополнително, во делот на интерното работење на институцијата, за 2022 година се планирани проекти – софтверски решенија кои ќе овозможат поефикасно работење во делот на водење на порамнувања и прекршочни постапки, како и во делот на следење и планирање на обемот на работа преку автоматизирано генерирање на извештаи.

Очекувани влијанија: Нови подобри перформанси и олеснување на работата кон надворешните корисници како и на вработените во Централен регистар, целосно усогласување со законските прописи, зголемена ефикасност и ефективност во работењето.

Приоритет: висок
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: СВР/СИТ
Временска рамка: Планирано е проектот да трае 12 месеци, до крајот на 2022 година.

2.7 Проектот за Надградба на регионален регистарски портал за модел за Прекуграничната регистрација на компании

Проектот за Надградба на регионален регистарски портал за модел за Прекуграничната регистрација на компании кој претставува еден од виталните столбови кон воспоставување единствен пазар (за регионот на Западен Балкан, но исто така и во однос на единствениот пазар на ЕУ и пристапувањето на земјите од СБ 6), заради: промовирање на преку - гранични деловни активности и трговија, подобрување на климата за инвестиции во регионот, обезбедување на слободно трговско движење низ целиот регион и зголемување на заштитата на доверителите и трети лица преку откривање на дисквалификувани информации за директори.

Очекувани влијанија: Промовирање на преку - гранични деловни активности и трговија, подобрување на климата за инвестиции во регионот, обезбедување на слободно трговско движење низ целиот регион и зголемување на заштитата на доверителите и трети лица преку откривање на дисквалификувани информации за директори.

Приоритет: висок
Извори на средства:
Надлежност: СВР
Временска рамка: 2022 година

2.8 Едношалтерски систем за инвеститорите

Едношалтерски систем за инвеститорите е уште еден проект, имено, ЦРРСМ поседува најголем дел од податоците врз кои се базирани критериумите за поддршка на државна помош, а има и воспоставено и комуникација со АВРСМ и останатите институции. Целта на овој проект е да се воведе единствен систем за управување со јавната поддршка на инвестициите, кој ќе овозможи на компаниите да имаат свој корпоративен профил преку кој автоматски ќе добијат преглед за каква државна поддршка се квалификуваат, да може потполно електронски да аплицираат за конкретна поддршка кон релевантна владина агенција и да

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

го следат транспарентно процесот на одлучување, структурирано да известуваат за начинот на користење на добиените средства и ефектите од нив..

Очекувани влијанија: Овој проект има придобивки и за Владата и агенциите за поддршка на инвестициите во смисла, потполно електронски да управуваат со целиот процес на аплицирање и одобрување на секој тип на поддршка, да се има можност за прецизно буџетирање на висината на поддршката која треба да ја исплати во било кој период како и електронски да се следат ефектите од вложената поддршка во стопанството и спроведува контрола над субјектите. Ваквиот интегриран ЕШС за бизниси и инвеститори ќе го овозможи целиот циклус на регистрација, известување, работење, субвенционирање и контрола над компаниите во државата

Приоритет: висок
Извори на средства:
Надлежност: СВР
Временска рамка: 2022 година

3. Планирани активности за 2022 година на одделение за планирање, развој и меѓународна соработка

3.1 Одржување на интегриран менаџмент систем ISO 9001, ISO 27001, ISO 14001 и ISO 45001

Подобрувањето на квалитетот на работењето во континуитет Централен регистар го докажува преку одржување на воспоставените стандарди како и преку имплементација на нови стандарди. Во 2020 Централен регистар воспоставени стандард за безбедност на информации како врвен приоритет во работењето и истиот го интегрираше во веќе постоечкиот интегрирам менаџмент систем. Во 2021 година преку позитивен извештај уште еднаш ЦР доби потврда за исполнување на барањата за безбедност на информации согласно ISO 27001:2013 година. Исто така во изминатата 2021 година завршени се три циклуси на проверка на ИМС по што следеше верификација на усогласеноста на системот во Институцијата со меѓународните стандарди од страна на сертификациска куќа, ова е уште еден доказ дека ЦР во континуитет работи на подобрување на квалитетот на работење како главна стратешка определба.

3.1.1. Активности за квалитет согласно стандард ISO 9001

- Следење на реализацијата на целите согласно преглед и реализација на цели на ЦР
- Унапредување на внатрешниот систем составен од точно определени процеси
- Редовно вршење на интерен audit според планот за интерни проверки во ОЕ во ЦР .
- Справување со неусогласеностите со стандардите преку покревање на корективни мерки и мреки за континуирано подобрување согласно планот за корективни мерки и мерки за континуирано подобрување.
- Унапредување на Документ менаџмент системот
- Следење на реализација на мерките за континуирано подобрување и корективните мерки.
- Годишно преиспитување на врвното раководство на Централен регистар.
- Подобрување на организацијата преку системот за само-евалуација
- И други активности за одржување на системот за одржување на интегрираниот менаџмент систем

Приоритет: висок

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

Извори на средства:сопствени ресурси
Надлежност: ОПРМ како координатор во соработка со сите организациски единици во ЦР.
Временска рамка: Континуирано во текот на 2022 година.

3.1.2. Активности за заштита на животната средина согласно стандард ISO 14001

- Идентификација и следење на законските регулативи – законот за животна средина и законот за управување со отпад
- Идентификација и вреднување на аспектите на животната средина
- Управување со аспектите кои се идентификувани како значајни за ЦР (електронски отпад, хартија, батерии)
- Водење на единствен регистар на институцијата за одложена хартија и електронски отпад
- И други активности за одржување на системот за заштита на животната средина

Приоритет: висок
Извори на средства:сопствени ресурси
Надлежност: ОПРМ како координатор во соработка со сите организациски единици во ЦР.
Временска рамка: Континуирано во текот на 2022 година.

3.1.3. Активности за здравје и безбедност на вработените согласно стандардот ISO 45001

- Подобрување на условите за работа по организациски единици на ЦР – градежни зафати, набавка на канцеларски мебел, подобрување на ергономија и сл.
- Координација при исполнување на обврските на ангажираната куќа за водење на активности поврзани со безбедност и здравје при работа
- Заштита и безбедност на вработените (обука на вработени за БЗР, мерење на микроклиматски услови, проверки на електричната инсталација – заземјување, проверки на осветленост, бучава и проветреност)).
- Изработка и корегирање на документите во институцијата и надвор од неа согласно стандардот (додавање на член за заштита и безбедност при работа).
- Останати активности кои се потребни за одржување на системот за заштита и безбедност на вработените.

Приоритет: висок
Извори на средства:сопствени ресурси
Надлежност: ОПРМ како координатор во соработка со сите организациски единици во ЦР.
Временска рамка: Континуирано во текот на 2022 година.

3.2 Безбедност на информации на ЦР

Имајќи ја во предвид основната дејност на ЦР, неопходно е континуирано унапредување на системот за безбедност на информации во сите сегменти и процеси од работењето на ЦР. Дефинирање на опсегот и начинот на функционирање на системот за безбедност на информации на сите нивоа во ЦР. Усвојување на изработена регулатива и изработка на регулативна документација согласно потребите. Редовно контролирање и превземање на мерки за континуирано подобрување на системот. Потребата за усогласување на системот со меѓународниот стандард ISO 27001 и негово континуирано следење и унапредување со оглед на дејноста која ја извршува ЦР е неминовна.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

Заштита на податоците од државен интерес, делегирање на одговорности на поединци кои располагаат со информации, воспоставување на систем кој ќе го унапреди работењето во сите сегменти на инситиуцијата од аспект на безбедност на информации. ЦРРСМ претставува централна информативна база на државата. Ги опслужува граѓаните и институциите со единствена веродостојна верзија на информации за деловните субјекти. За да се обезбеди сигурен систем на податоци/информации потребно е континуирано да инвестира во технологија и информатичката инфраструктура за одржување на податоците со кои располага, а резултатот на ваквото инвестирање е намалување на степенот на ризик од грешки при работењето, можности за испади на информацискиот систем и целосен или делумен прекин на услугите, а со тоа да осигура континуитет во работењето. Пред сè мора да се обезбедат точни, навремени и веродостојни информации и да води сметка прекинот на сервисите да бидат сведени на минимум, обезбедувајќи нивна целосна достапност согласно усвоената Стратегија за третман на ризици на ЦРРСМ и Планот за континуитет во работењето на ЦРРСМ.

3.2.1 Одржување на Систем за Безбедност на информации според барањата на ISO 27001:2013

Приоритетна задача е одржување на воспоставениот систем на безбедност на информации негова редовна проверка и континуирано подобрување согласно барањата на ISO 27001:2013.

3.2.1.1 Активности

- Унапредување на состојбата во сите сегменти и процеси од работењето на ЦР од аспект на безбедност на информациите;
- Координација во работењето со сите ОЕ заради исполнување на барањата на стандардот сите ОЕ.
- Заштита на податоците во сопственост на ЦР.
- Подигање на свеста кај вработените.
- Обезбедување на контролни мерки за безбедност на информациите.
- Обезбедување на технички мерки за безбедност на информациите.
- Обезбедување на организациски мерки за безбедност на информациите.
- Обезбедување на физички мерки за безбедност на информациите.
- Превземање на мерки за намалување на ризиците согласно планот – стратегија за третман на ризиците согласно нивното значење.
- Внатрешна и надворешна проверка и следење на системот за безбедност на информации според ISO 27001:2013
- Редовно пенетрациско тестирање и откривање на слабости на информацискиот систем (Penetration testing and Voulnerability testing)
- Целосно имплементирање на изработената студија за Business Continuity – План за вонредни состојби како и IT DRC План;

Приоритет: висок
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: ОПРМ
Временска рамка: декември 2022 година.

3.2.2 Регулирање на безбедноста на деловни информации на ЦР

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

Класифицирање на целокупната документацијата за регулирање на деловните процеси во ЦР произлезени од приоритетната дејност и останатите организациски процеси.

3.2.2.1. Активности

- Степенување на деловните информации од страна на ОЕ во ЦР;
- Промена на Директива за класифицирање на документација и интерни деловни информации во ЦР;
- Редовно ажурирање и примена на усвоената Матрица со список на деловни информации;

Приоритет: висок
Извори на средства:сопствени ресурси
Надлежност:ОПРМ и поедини ОЕ
Временска рамка: декември 2022 година.

3.2.3 Регулирање на класифицирани информации во ЦР добиени од државни органи

Класифицирање на документацијата во ЦР и примена на соодветни технички и организациски мерки согласно законот за класифицирани информации и усвоената регулатива во Централен регистар.

3.2.3.1 Активности

- Примена на физичко обезбедување и примена на технички и други средства за обезбедување на објекти и простории во кои се чуваат класифицираните информации (согласно Директивата на Директорот на ЦР за работа со класифицирани информации добиени од државни органи)

- Примена на Закон за безбедност на класифицираните информации.

Приоритет: висок
Извори на средства:сопствени ресурси
Надлежност:ОПРМ и поедини ОЕ
Временска рамка: декември 2022, континуирано

3.2.4 Унапредување на заштитата на личните податоци во ЦР

Во 2022 година се планира имплементација на целосните обврски кои произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци кој се донесе во февруари 2020 година.

3.2.4.1 Активности

- Решавање на прашањето со матичниот број на физичките субјекти во правните субјекти при издавање на услугите од институцијата
- Изработка на годишен план за заштита на лични податоци и координација на активностите за заштита на лични податоци согласно тој план
- Превземање на потребните активности, задачи и одговорности од страна на лицето назначено за офицер за заштита на лични податоци од ОПРМ.
- Континуирана соработка со надлежните субјекти од оваа проблематика надвор од институцијата (АЗЛП и сл.)

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

- Измена на регулативна документација за заштита на лични податоци и нејзина континуирана примена.
- Координација и соработка при редовна контрола согласно Закон од страна на ДЗЛП.
- Воспоставување начин за увид и издавање на списи/извадоци од регистарска влошка заради контролата над ЕМБГ содржана во нив (регулирање на електронскиот и хартиениот начин).
- Примена на законски барања согласно законот за заштита на лични податоци
- Потпишување на изјава за незлоупотреба на личните податоци од страна на вработените во ЦР.
- Потпишување на овластување од страна на лицата кои ќе работат со збирките на лични податоци.

Приоритет: висок
Извори на средства:сопствени ресурси
Надлежност:ОПРМ и поедини ОЕ
Временска рамка: декември 2022, континуирано

3.3 Следење и реализација на планови, цели, проекти

Континуирано следење и реализација на планови, цели и проекти, преку конкретни мерливи показатели да се следи реализацијата на плановите, целите и проектите во ЦР.

Очекувани влијанија: Во континуитет следење на активностите и реализацијата на плановите, целите и проектите со цел успешно планирање на наредните активности, утврдување на степен на реализација, превземање на конкретни мерки за понатамошна реализација.

Приоритет: висок
Извори на средства:сопствени ресурси
Надлежност: ОПРМ
Временска рамка: декември 2022

3.4 Управување со ризици во ЦР

Во насока на реализација на целите на ЦР и подигање на свеста за важноста на ризиците потребно е да се направи целосна анализа за управување со ризици, регистар на ризици и да се донесе акциски план со кој ќе бидат дефинирани програмите, активностите, потребните ресурси и финансиски средства за нивна реализација, како и очекуваните резултати.

Очекувани влијанија: Ажурирање на матрицата на ризици, намалување на штетните влијанија по институцијата преку утврдени ризици, донесување на план за управување со ризиците на ниво на институција, сопственици на ризици, проценка и оцена на ризици (идентификација, анализа, верификација), постапување со ризици, следење, мерење, надзор и континуирано подобрување на процесот на управување со ризиците, донесување на одлуки на менаџментот во корист на институцијата.

Приоритет: среден
Извори на средства:сопствени ресурси
Надлежност: ОПРМ и надлежни раководители на ОЕ
Временска рамка: декември 2022

3.5 Подобрување на систем за интерна комуникација

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

Системот за интерна комуникација е од суштинска важност за транспарентно информирање. Ефикасното функционирање на системот ќе обезбеди зајакнување на имиџот на Институцијата, пред се во очите на вработените и крајните корисници на услугите .
Исполнување на обврските согласно усвоената регулатива во ЦР, подобрување на системот на интерната комуникација на сите новоа во ЦР вклучувајќи ги и РРК и РК.

Очекувани влијанија: Целта на активностите за интерна комуникација е зајакнување на довербата на вработените во процесите на институцијата и во раководството и да ја подобри ефикасноста на работните процеси врз основа на правовременото и точно информирање на вработените. Подобрување на деловното работење во ЦР и зголемено задоволство кај вработените и корајните корисници на ЦР. Преку подобрување на техничките можности и превземање на мерки за достапност на информациите до сите канцеларии ќе обезбеди точност, квалитет , брзина во информираноста кај секој вработен.

Приоритет: среден
Извори на средства:сопствени ресурси
Надлежност: ОПРМ со надлежни ОЕ
Временска рамка: континуирано, 2022 година

3.6 Развој на нови производи

Регулирање на прашањето за развој на нови производи и создавање на економични пакети на услуги, воспоставување на систем за развој на нови производи, преку следење на светските трендови, вклучување на сите вработени како и вклучување на нашите корисници преку воспоставување на унапреден систем за добивање на повратна информација за нивните потреби, во создавањето и развојот на нов производ.

Очекувани влијанија: Точно определена постапка и процедура до развој на нов производ, обука на вработените за развој на нови производи, учество на секој вработен со своја идеја и искуство за развој на нов производ, создавање на производ кој е на барање на корисниците на услуги на најекономичен и исплатлив начин. Подобрување на корисничкото искуство и задоволни корисници преку проширување на палетата на услуги и додадена вредност на постоечките услуги. Следејќи го трендот во светот како и соочувајќи се со светската пандемија евидентна е се поголемата ориентираност кон online услугите, така, неизбежна е надградбата на Дистрибутивниот систем, системот за е - потврди и пласман на нови услуги и пакети на услуги усвоени со новата Тарифа прилагодена на потребите на корисниците како и пласман на постоечки производи на ЦРРСМ кои досега не се издавале преку оваа платформа, а кои ќе овозможат ново и подобрено искуство при користење на нашите услуги.

Приоритет: висок
Извори на средства:сопствени ресурси
Надлежност:ОПРМ, Проектно координативно тело
Временска рамка: континуирано во 2022 година

3.7 Аналитичка обработка на статистичките податоци за услугите и финансиските показатели на ЦР

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

Овие задачи имаат цел да се изработат извештаи со аналитички пристап за физичкиот обем на услугите и финансиските показатели во ЦР за да се добијат показатели за остварување на планот, да се следи состојбата со финансиските показатели и издадените услуги како и да се предвидат идните проекции. Врз основа на добиените показатели и информации од аналитичката обработка и податоци и информации добиени од поедините ОЕ, ОПРМ изработува предлог финансиски план за работењето и план за работа на ЦР за наредната година, како излезни документи објавени на веб страната на Институцијата. Врз основа на добиени податоци од СЕПР, изработка на месечни, квартални и годишни извештаи за реализацијата на финансискиот план и планот за работа на ЦР за 2021 година.

Приоритет: висок
Извори на средства:сопствени ресурси
Надлежност: ОПРМ во соработка со ОЕ
Временска рамка: месечно, квартално, годишно, во тек на 2022 година.

3.8 Заедничката рамка за оценка - CAF

Заедничката рамка за оценка (Common Assessment Framework - CAF) е европски инструмент за управување со квалитетот за јавниот сектор, врз основа на спроведување на самооценување од страна на самата институција. Ова е дополнителна алатка кон низата инструменти воведени за промовирање и спроведување на потполни принципи за квалитет во институцијата. CAF моделот се базира на претпоставките дека одличните резултати во институцијата се постигнуваат низ водство темелено на инспиративна стратегија и планирање и со поддршка на луѓето како најдрагоцен капитал, преку градење партнерствата, рационално искористување на ресурсите и унапредување на процесите.

Очекувани влијанија: Употребата на CAF и овозможува на институцијата да иницира процес на постојано унапредување во нејзиното работење; да направи проценка на работењето, врз основа на докази за квалитет во управувањето темелени на критериуми широко прифатени низ јавниот сектор во Европа; да ги идентификува подеднакво напредокот, но и слабости во постигнувањата; да пронајде начин да постигне конзистентност и консензус за она што треба да биде направено за да се подобри организацијата; да обезбеди поврзаност помеѓу резултатите што треба да се постигнат и добрите практики како тоа да се направи и да го измери прогресот низ периодични само-оценки. Централен регистар во 2019 година по реализацијата на приоритизацијата на мерките произлезени од CAF моделот и нивната целосна имплементација во 2022 година има во план да повтори нов циклусна самооценување на Институцијата преку моделот CAF.

Приоритет: среден
Извори на средства:сопствени ресурси
Надлежност: ОПРМ
Временска рамка: До крај на 2022 година.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

4. Планирани активности за 2022 година на одделение за маркетинг и односи со јавност

4.1 Тековни активности кои призлегуваат од маркетинг стратегијата на Централен регистар

Во согласност со Политика за комуникација на ЦРРСМ која претставува генерален документ, како и произлезениот регулативен документ - Стратегијата за надворешна комуникации и односи со јавност, согласно одговорностите и овластувањата континуирано ќе се одржуваат односите со јавноста, целните групи и крајните корисници на услугите на Централен регистар.
Планирано е следење на акциски планови за промоција на активностите на Централен регистар, по кој ќе се работи и во 2022 година. Идентификувани се клучните целни групи, се селектираат посебни канали за комуникација со цел да се овозможи пренос на неопходните информации до клучните целни групи, пренос на јасни пораки до целниот аудиториум, и продолжува информирањето на сите корисници во врска со новостите и активностите на институцијата.

Очекувани влијанија: Одржување на репутацијата и имиџот на ЦРРСМ, навремено информирање, давање соодветни насоки и обуки на заинтересираните страни.

Приоритет: среден
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: ОМОЈ
Временска рамка: континуирано во текот на 2022 година.

4.2 Одржување на содржини од веб страница на ЦР / Одржување на CMS – Content management system - содржини на веб порталот на ЦРРСМ

ОМОЈ продолжува со креирање на соодветни содржини, услуги, соопштенија, ажурирање на списоци, датотеки и останати информативни содржини поврзани со услугите на ЦР, преку Контент менаџмент системот на Веб порталот. Содржините кои се објавуваат на веб страницата на ЦР, произлегуваат директно од потребите на останатите ое на ЦРРСМ и ОМОЈ е во директна комуникација со сите ое кои имаат потреба од администрирање на содржините кои покриваат услуги од соодветната ое.
Со оглед на порастот на користење електронски услуги, оваа потреба е секојдневна, активностите задолжително се одвиваат под исклучителна внимателност, концентрација и посветеност.

Очекувани влијанија: навремено ажуриран веб портал на ЦРРСМ со брзи, точни, квалитетни и законити информации.

Приоритет: среден
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: ОМОЈ/ОПРМ/КД
Временска рамка: континуирано во текот на 2022 година.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

4.3 Спроведување истражувања помеѓу целните групи

ОМОЈ ќе ги истражува потребите на целните групи како за нови производи и услуги на ЦР, така и за подобрување и надградба на постоечките, со цел да се земе предвид повратна информација од корисниците на услугите, за новите производи и услуги да бидат и да одговараат на нивните потреби и да бидат соодветно приспособени врз база на корисничко искуство. При мерење на задоволството на корисниците и анализа на податоците, ќе се стави акцент на мислењето на специфични и конкретизирани целни групи поврзани со услугите на ЦРРСМ по пат на истражување. Исто така, ќе се земат предвид сите сугестии и предлози од страна на корисниците за континуирано подобрување на системот за маркетинг и односи со јавност како и процесот на давање на сите услуги од страна на Централен регистар.

Очекувани влијанија: Квалитетна анализа за потребите на корисниците. Продолжување на лиценцата за апликација за спроведување истражувања – monkey survey

Приоритет: среден
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: ОМОЈ/КД
Временска рамка: континуирано во текот на 2022 година.

4.4 Учество во работни групи за планирање, креирање и имплементација на нови услуги и производи

Во текот на 2022 година одделението ќе биде вклучено во интерсекторски работни групи за развој и промоција на нови производи и услуги, со цел придонесување на кон развој на соодветно корисничко искуство и доближување на новите производи и услуги до целните групи.

- Директно ќе учествува во комуникација со сите вклучени страни на проектите, со цел успешна координираност при работните посети, состаноци и работилници, организирање на обуки за заинтерисираните страни.

Очекувани влијанија: Квалитетна соработка и успешна реализација на проектите и активностите.

Приоритет: висок
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: ОМОЈ во координација со останатите ОЕ
Временска рамка: континуирано во текот на 2022 година

4.5 Одговарање прашања стигнати на e-mail групите од страна на корисниците на услуги на ЦР

Во координација со Регистраторот, вработените во Трговскиот и сите други регистри, како и со останатите организациски единици во ЦРРСМ, ОМОЈ заедно со одделение за техничи понатаму ќе дава суштински и детални одговори на секојдневните прашања од страна на странките упатени телефонски или преку електронска пошта во најкус можен рок, со цел да се растоварат шалтерските работници и одговорните лица за регистрација.
Односно, секое барање и прашање адресирано на групните меил адреси на Централен регистар, ќе биде точно и навремено одговорено, согласно Стратегијата за надворешна комуникација и во соработка со одделението за Техничка помош.

Очекувани влијанија: Задоволни корисници.

Приоритет: висок

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: ОМОЈ
Временска рамка: континуирано во текот на 2022 година.

4.6 Администрирање на корисниците на Интернет дистрибутивен систем и Систем за е-потврди

ОМОЈ и во текот на 2022 ќе продолжи континуирано да спроведува низа активности, со цел остварување успешна реализација и функционирање на ИДС и Системот за е-потврди, кои како дел од електронските услуги кои ги нуди ЦРМ паралелно функционираат и обезбедуваат брз и едноставен пристап до одреден број информации:

- **Техничка помош и Поддршка на регистрирани корисници**

Секојдневната комуникација со корисниците придонесува нивно навремено информирање за евентуални измени во функционалностите на системите, за новите можности при извршена надградба, како и за начинот на користење на системите. Дополнително, грижата за корисниците на дистрибутивниот систем опфаќа обука за користење на системот за новите корисници, решавање тековни пријавени проблеми и неправилности, испраќање корисни информации по електронски пат, навремено додавање на уплатените средства на салдата на корисниците, давање инструкции при креирање кориснички налог и барање за пристап во апликацијата, помош при најавување во системот, како и насоки при добивањето на нарачани производи.

- **Склучување нови договори за користење на интернет дистрибутивниот систем**

Со примена на маркетиншки алатки и вкрстена промоција, проактивно ќе се презентираат придобивките од системот на потенцијални корисници од разни целни групи, со цел бројот на регистрирани корисници и склучени договори да се зголеми и да биде постојано во нагорна линија.

- **Предлози за надградба на системите и производи**

o Како резултат на тоа што ОМОЈ е во постојан контакт директно со корисниците на системите, и следејќи ги нивните потреби, ќе нуди предлози за надградба на производи кои се користат преку системот, ќе дава предлози за подобрување на корисничкото искуство и/или модифицирање на системите. По спроведувањето на анкетите, произлегува листа на сугестии и предлози од корисниците за креирање на нови производи и надградба на веќе постоечките. За истите потребно е да се направи анализа во соработка со останатите ое, дали постојат законски бариери за спроведување.

- **Спроведување кампањи за промоција на системите**

o ОМОЈ ќе врши промоција на дистрибутивниот систем и системот за е-потврди преку организирање кампањи со цел запознавање на определени таргет групи со поволностите, брзината едноставноста, квалитетот на услугата и ажурноста на добиените податоци при користење на двата систем доколку се утврди потреба ќе се изработи промотивен и едукативен леток , поединечно за секој систем.

o ОМОЈ и во текот на 2020 ќе продолжи со организирање на капмања за информирање на јавноста за новиот регистар на Вистински сопственици.

o Согласно акцискиот план, ќе ги таргетира корисничките групи, ќе креира листа на FAQ и ќе изработува информации, соопштенија и промотивни кампањи за РВС.

- **Следење на спроведување на процедурата за ИДС**

- Спроведување прашалник за испитување на задоволството на регистрираните корисници на ИДС

- Следење на упатството за рекламации од странките

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

Очекувани влијанија: Задоволни корисници.

Приоритет: висок
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: ОМОЈ/СИТ
Временска рамка: континуирано во текот на 2022 година.

4.7 Промоција на имплементирани нови услуги и производи

Во текот на 2022 година ОМОЈ планира онлајн презентации на креираните нови пакети произлезени од Тарифата на ЦРРСМ. Преку ИДС, СВР во соработка со ОМОЈ и ИТ, креира нови пакети согласно поволностите на новата тарифа, со кои се олеснува користењето на сетови податоци неопходни за поголемите корисници на ЦР. Во тек е конфигурација на сетови и пакети со вкалакулиран попуст согласно новата тарифа, од страна на ИТ. Акцијата започна со банките, во 2022 продолжуваме со промоција на истите.

Очекувани влијанија: Навремено информирање на јавноста за новините.

Приоритет: висок
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: ОМОЈ во координација со останатите ое
Временска рамка: континуирано во текот на 2022 година

4.8 Следење на контакт форма и e-mail групите од страна на корисниците на услуги на ЦР

ОМОЈ и понатаму ќе дава детални одговори на секојдневните прашања од страна на странките упатени телефонски или преку електронска пошта во најкус можен рок, со цел да се растоварат шалтерските работници и одговорните лица за регистрација.
Односно, секое барање и прашање адресирано на групните меил адреси на Централен регистар, ќе биде точно и навремено одговорено, согласно Стратегијата за надворешна комуникација и во соработка со одделението за Техничка помош и останатите ое.

Очекувани влијанија: Одговор на сите пристигнати прашања и решавање на евентуалните поплаки.

Приоритет: висок
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: ОМОЈ
Временска рамка: континуирано во текот на 2022 година.

4.9 Публикација на најуспешни

Како резултат на досегашната заемна соработка со Еуро бизнис центарот, ОМОЈ и во 2022 година ќе изготвува материјали (обраќање на Директорката на ЦРРСМ) за публикацијата 200 најголеми и најуспешни фирми во Македонија, како и обраќања за останати настани во кои Централен регистар ќе земе учество.

Очекувани влијанија: Квалитетна публикација на најуспешните.

Приоритет: низок
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: ОМОЈ/одделение за годишни сметки

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

Временска рамка: континуирано во текот на 2022 година.

4.10 Комуникација со медиуми

Следејќи ја Стратегијата за комуникација и односи со јавноста на ЦР, но и согласно основните принципи и начела на комуникацијата кои досега се покажаа како клучен фактор во одржувањето на позитивен имиџ на институцијата, ЦРРСМ секогаш е транспарентен и достапен за медиумите. Од таа причина ОМОЈ и во текот на 2022 г. ќе продолжи да одржува редовна и коректна комуникација со електронските и пишани медиуми и навремено ќе одговара на секое прашање на најпрецизен начин и во најкус можен временски рок. Со ваква практика ќе се запази досегашниот однос на доверба, поддршка и соработка со претставниците на медиумите.

Очекувани влијанија: Одржување на имиџот на ЦР.

Приоритет: висок
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: ОМОЈ/Кабинет на Директор
Временска рамка: континуирано во текот на 2022 година.

4.11 Клипинг сервис

Во текот на 2022 година ОМОЈ ќе продолжи да врши клипинг – дневен, неделен, со цел да биде во тек со сите информации кои се пласираат до јавноста, а во кои е засегнат Централниот регистар.

Очекувани влијанија: Редовно следење на пласираните информации за ЦР во јавноста.

Приоритет: среден
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: ОМОЈ
Временска рамка: континуирано во текот на 2022 година.

4.12 Организирање на настан

Во текот на 2022 година, Централниот регистар одбележува 20 години работа. ОМОЈ ќе организира Форум по повод овој настан, координација со гостите кои ќе бидат учесници на настанот, награди и признанија за заслуги. Одделението ќе го подготвува сценариото, обраќањата и во соработка со Кабинетот, планиран е корпоративен настан на кој ќе присуствуваат гости значајни за развојот на ЦР.

Очекувани влијанија: Во текот на 2022 година, Централниот регистар одбележува 20 години работа.

Приоритет: среден
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: ОМОЈ / КД
Временска рамка: март/април 2022 година.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

5. Планирани активности за 2022 година на сектор за информатички технологии

5.1 Обезбедување сигурно и безбедно напојување на критичната телекомуникациска опрема во канцеларииите со нови уреди за непрекинато напојување (УПС)

Напојувањето од градската мрежа во регионалните канцеларии е нестабилно со големи осцилации кои негативно влијаат на работата на информатичката опрема за телекомуникациско мрежно поврзување и може истата да ја оштетат, што и се случувало досега. Постојните уреди за непрекинато напојување се набавени во 2013 година и нивниот век на употреба е надминат.

Очекувани влијанија: Подобрување на квалитетот на работа во канцеларииите, намалување на прекини во работењето, подобрување на ниво на задоволство кај корисниците на услуги во ЦР.
Ќе се обезбеди сигурно и континуирано напојување на критичната опрема за телкомуникациско поврзување во секоја РК/РРК, што ќе придонесе кон поголема достапност и на услугите кон крајните корисници.

Приоритет: висок
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: СИТ
Временска рамка: Јуни 2022 година

5.2 Квалитетно и непречено функционирање на работата во канцеларииите со нова периферна компјутерска опрема - мултифункциски уреди

Дел од мултифункциските уреди (печатач, скенер, копир) кои се во употреба се со изминат книговодствен односно животен век согласно ДД047 - Директива за замена на ИТ опрема. Во последната година зачестено се случуваат дефекти на дел од уредите, кои влијаат на квалитетот на печатените излезни документи или го оневозможуваат во целост печатењето или копирањето, што во крајна линија го намалува квалитетот на услугите и задоволството на корисниците.

Очекувани влијанија: Со обезбедување нови мултифункциски уреди, кои ќе ги заменат најамортизираните ќе се придонесе кон подобар и конзистентен квалитет на печатените излезни документи, поквалитетни и навремени услуги и позадоволни корисници.

Приоритет: висок
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: СИТ
Временска рамка: Февруари 2022 година

5.3 Достапност до нови функционалности преку обнова на лиценци за виртуелизација

Постојните лиценци Citrix - Virtual Apps and Desktops Advanced истекуваат во Јуни 2022, што ќе оневозможи надградби на системот на понови верзии од производителот.

Очекувани влијанија: Ќе бидат овозможени надградби со нови функционалности кои се потребни при работењето

Приоритет: висок
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: СИТ

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

Временска рамка: Јуни 2022 година

5.4 Зголемување на нивото на компјутерска безбедноста преку обезбедување поддршка за постојниот SIEM уред - Q-radar

Зголемување на нивото на компјутерска безбедноста преку обезбедување поддршка за постојниот SIEM уред - Q-radar, бидејќи 5.2022, односно 7.2022 истекува едногодишната претплата и поддршка на постојниот SIEM уред за управување со настани поврзани со компјутерска безбедност потребно е истите да се обноват.

Очекувани влијанија: Со обновување на услугите за поддршка од производителот се очекува овозможување на компјутерска безбедност на очекувано ниво.

Приоритет: висок
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: СИТ
Временска рамка: Април 2022 година

5.5 Зголемување на капацитетот за складирање на податоци и овозможување редундантност со надградба на Системот за складирање на податоци

Постоечкиот систем за складирање на податоци е ставен во употреба во 2018г. и е со изминат гарантен период за поддршка од производителот. Потребно е да се обезбедат 2 нови уреди за Скопје и Штип како и уреди за синхрона репликација и надградба на капацитетот.

Очекувани влијанија: Ќе се зголеми капацитетот за складирање на податоци согласно потребите кои континуирано се зголемуваат заради природата на работата на ЦР. Ќе се овозможи целосна хардверска редундантност (со цел да нема прекин во работата на апликациите/сервисите) - висока достапност на примарната локација и овозможување на континуитет во работењето, како и максимизирање на перформансите на апликациите/сервисите согласно најдобрите пракси и препораки на производителот на системите.

Приоритет: висок
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: СИТ
Временска рамка: Октомври 2022 година

5.6 Обезбедување континуитет во работењето со обновување на софтверски лиценци (продолжување на постоечки лиценци за софтвер за анкети, за валидација на емаил адреси (се користи во сите софтверски решенија), сертификати за системите, софтвер за автоматско испраќање на емаил пораки, софтвер за далечински пристап)

Постојните лиценци, софтвери, сертификати истекуваат во 2022 година и од тие причини Централен регистар треба да обезбеди продолжување на истите, набавка на нови компоненти за потребите на проектите, специјализиран софтвер, сертификати за системите.

Очекувани влијанија: Континуитет во работењето на ЦР со обнова на лиценците што ги овозможуваат потребните услуги - софтверски комоненти и решенија. Продолжување на SurveyMonkey -one year - софтвер за анкети, Verifalia - API за верификација на валидност на емаил адреси - се користи за системот за е-регистрација, дигитални сертификати за системите, софтвер за автоматско масовно испраќање на прилагодени емаил пораки.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

Приоритет: висок
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: СИТ
Временска рамка: Континуирано во 2022 година.

5.7 Обезбедување доказ и интегритет на податоците во електронски документ со вградување временски печат

Со цел усогласување со новиот Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги (транспонирана eIDas директива) неопходно е вградување на временски печат во електронските документи.

Очекувани влијанија: Со вградување на временски печат во електронските документи согласно новиот Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги (транспонирана eIDas директива), сертифицираното точно време на потпис ќе обезбеди доказ и интегритет на податоците во електронскиот документ, односно правен доказ дека содржината на електронскиот запис постоела во точно одредено време и не е променета од тој момент.

Приоритет: висок
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: СИТ
Временска рамка: Јуни 2022 година.

5.8 Зголемување на безбедност на податоци и отстранување слабости на информациските системи со пенетрациско тестирање на безбедноста на информациските системи

Пенетрациско тестирање е потребно како континуирана активност врз постојните системи, нивните надградби, а особено новите информатички системи заради исполнување на барањата на ISO27001 - информациска безбедност.

Очекувани влијанија: Подобрена отпорност од напади поврзани со слабостите на информациските системи, зголемена безбедност на податоците кои ЦР ги чува, исполнување на барањата на ISO27001 - информациска безбедност.

Приоритет: висок
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: СИТ
Временска рамка: Април 2023 година.

5.9 Овозможување повисока достапност на услугите, отстранување безбедности пропусти и дефекти преку овозможување на поддршка - гаранција за критичната опрема во систем сали

На голем дел од критичната опрема во податочните центри истекува гарантниот рок во 2021 или почеток на 2022 година, што оневозможува поддршка од производителите за понови верзии на OS, FW, безбедносни закрпи и поддршка при дефекти/инциденти, па постои ризик за нефункционирање или не можност за отстранување на сложени дефекти или безбедносни пропусти

Очекувани влијанија: Ќе се овозможи хардверска и софтверска поддршка од производителите на критичната опрема во систем салите, што ќе овозможи повисока достапност на услугите и побрзо и навремено отстранување на сложени дефекти или евентуални безбедносни пропусти.

Приоритет: висок
Извори на средства: сопствени ресурси

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

Надлежност: СИТ
Временска рамка: Континуирано во 2022 година.

5.10 Автоматизирање на процесот за креирање и дистрибуција извештаи со помош на Софтверско решение за генерирање извештаи

Потребите до извештаи од системите се се поголеми, критериумите за извештаите често се повторуваат. Креирањето на извештаите се извршува од страна на вработените во СИТ и процесот од барање до добивање извештај одзема човечки и временски ресурси.

Очекувани влијанија: Ќе се овозможи генерирање извештаи од страна на вработените согласно потребите и предефинирани критериуми од Трговски регистар, Регистар на годишни сметки, Ревис, Регистарот за Залог и лизинг, системот за е-потврди и Дистрибутивниот систем.
Ќе се унифицира изгледот на извештаите, начинот на генерирање, ќе се заштеди на време и човечки ресурси во процесот од барање до добивање на извештај.

Приоритет: висок
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: СИТ
Временска рамка: Март 2023 година.

5.11 Автоматизирање на процесот на управување со промени со надградба на Софтверско решение за управување со ІТ процеси

Набавеното софтверското решение за управување со ИТ процеси обезбедува успешно управување со ИТ инциденти и проблеми како и управување со ИТ средства (asset management) и треба да се надгради со модул за поддржување на процесот за управување со промени.

Очекувани влијанија: Надградбата треба да го олесни и делумно автоматизира процесот на управување со промени односно треба да обезбеди успешно управување со промени и примена на усвоена регулатива.

Приоритет: висок
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: СИТ
Временска рамка: Јуни 2022 година.

6. Планирани активности за 2022 година на сектор за економско правни работи

6.1 Реновирање на деловниот простор во Централен регистар

Во 2022 година остануваат одредени активности за реновирање односно градежно технички активности во деловниот простор наменет за вработените од Сектор за информатички технологии. Планирана е инвестиција на застарен под и други неколку помали реконструкции во просториите каде е сместен Секторот за информатичка технологија (во скопската канцеларија) како преостанат дел од поголемиот зафат што е во завршна фаза од реновирање на канцеларииите на ЦРРСМ.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

Очекувани влијанија: Подобрување на условите за работа на вработените, подобрување на имиџот на Институцијата, подобрување на условите за давање на услуги кон корисниците, зголемено задоволство кај корисниците.

Приоритет: висок
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: СЕПР
Временска рамка: 2022 година

6.2 Воведување на сметководствен систем со повеќе модули во Централен регистар

Воведување на сметководствен систем со повеќе модули во Централен регистар значи овозможување на поврзаност помеѓу засегнатите ОЕ, точни и брзи информации за деловното работење на Институцијата, извештаи за донесување на позитивни деловни одлуки од страна на ВР, воспоставување на редовни контроли, унапредување на планирањето во целост.

Очекувани влијанија: Евидентна е потребата од унапредување на процесот за финансиско планирање, контрола и известување. Воедно ЦРРСМ планира да изврши интеграција на овој процес со процесите за водењето на човечките ресурси и планирањето и спроведувањето на јавните набавки заради контрола и подобрување во нивното управување. За сега овие процеси не се обедините се водат фрагменитирано и ризиците од грешки во ваквото управување се зголемени.

Приоритет: висок
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: СЕПР, СВР, СИТ, ОПРМ, ОЧР
Временска рамка: декември 2022

6.3 Редовна санација и одржување на деловниот простор на Централен регистар

Некои од објектите се стари над 30 години. Потребни градежни и занатски интервенции во голем број РК (подови, ѕидови, врати, санитарни чворови, надворешност: фасадна столарија, врати, фасада со изолација, греење и ладење и сл.), амортизирани, делумно нефункционални, застарени електрични инсталации, енергетски неефикасни, големи трошоци за тековно одржување, несоодветни услови за работа. Непостоење на заземјување и громобранска заштита, кои тешко може да се реализираат во простории кои се заеднички со други органи/правни лица. Комплицирано и економски неефикасно отстранување на проблемите од занатски карактер (водовод, електрика, столарија, ладење и греење). Планирани се редовни активности за техничко одржување на просториите на ЦР .

Очекувани влијанија: Исполнување на барањата на стандардот OHSAS 18001:2007 односно ISO 45001 за безбедност и здравје при работа, оптимизрање на трошоците за одржување, зајакнување на имиџот на ЦРРСМ при редовна санација и одржување на деловниот простор во РРК и РК.

Приоритет: среден
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: СЕПР
Временска рамка: 2022 година

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

7. Планирани активности за 2022 година на одделение за човечки ресурси

Централниот регистар својата дејност ја извршува преку организациона мрежа на 27 Регионални и Регистрациони канцеларии распоредени во скоро сите градови во Републиката. Со стапување на сила на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Централниот регистар број 0202-3/39 од 10.11.2020 година (Сл.весник број 275/2020 година), Централниот регистар својата дејност ќе ја извршува преку организациона мрежа на 27 Регионални и Регистрациони канцеларии распоредени во скоро сите градови во Републиката. Во поголемите градови организациски се поставени 12 Регионални регистрациони канцеларии, во чии состав работат 15 Регистрациони канцеларии.

Заклучно со средина на декември 2021 година во Централниот регистар има вкупно 319 вработени, од кои 6 (шест) вработени се на определено време.

Потребно е да се истакне дека во остварувањето на основната дејност на Централниот регистар, покрај редовно вработените учествуваат и вработени од НБРМ за кои Централниот регистар до Декември 2021 година плаќаше за материјални и режиски трошоци 8,911% и за плати 10,078 % согласно Договор број 73 од 05.01.2006 година, Анекс договор број 770/1 од 01.02.2011 година и Анекс договор број 770/2 од 20.12.2011 година.

Квалификациона структура на Централен регистар во 2021 година

РРК/РК	ВСП	ВШП	ССП	Осн. обр.	Вкупно
Централа и Скопје	111	2	45	5	163
РРК Битола	5	0	8	0	13
РРК Кочани	6	0	5	0	11
РРК Куманово	12	0	8	1	21
РРК Охрид	9	1	8	0	18
РРК Прилеп	4	0	5	0	9
РРК Струмица	7	1	9	0	17
РРК Штип	9	0	9	1	19
РРК Тетово	9	0	7	0	16
РРК Велес	4	0	7	0	11
РРК Гостивар	10	0	4	0	14
РРК Гевгелија	4	0	3	0	7
ВКУПНО:	190	4	118	7	319

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

При разгледувањето на приказот за квалификационата структура на вработените во ЦР може да се заклучи дека заклучно со средина на месец Декември 2021 година во Централниот регистар на РСМ се вработени вкупно 319, од кои 6 се вработени на определено време.

Квалификационата структура на вкупниот број на вработените е следна:
- 190 вработен се со висока стручна подготовка или 60% од вкупниот број на вработени;
- 4 вработени се со виша стручна подготовка или 1 % од вкупниот број на вработени;
- 118 вработени се со средна стручна подготовка или 37 % од вкупниот број на вработени и
- 7 вработени се со основно образование или 2 % од вкупниот број на вработени.

Тенденцијата на ЦР во иднина е подобрување на постојната квалификациона структура на вработените во институцијата како и вработување на високо стручни кадри.

Возрасна структура на вработени во Централен регистар во 2021

	РРК и РК	до 29	од 30 до 39	од 40 до 49	од 50 до 59	60 и повеќе	Вкупно
1	**Централа и Скопје**	8	46	55	41	13	163
2	**РРК Битола**	0	1	1	4	5	11
	РК Ресен	0	1	0	0	1	2
3	**РРК Кочани**	0	0	4	1	3	8
	РК Берово	0	0	0	1	0	1
	РК Делчево	0	0	0	1	0	1
	РК Виница	0	1	0	0	0	1

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

4	**РРК Куманово**	0	7	6	5	1	19
	РК Крива Каланка	0	1	0	0	1	2
5	**РРК Охрид**	0	1	3	5	2	11
	РК Струга	0	2	1	2	0	5
	РК Дебар	0	1	1	0	0	2
6	**РРК Прилеп**	1	1	3	3	1	9
	РК М. Брод	0	0	0	0	0	0
7	**РРК Струмица**	1	3	4	4	2	14
	РК Радовиш	0	0	0	0	2	2
	РК Валандово	0	0	0	0	1	1
8	**РРК Штип**	0	5	5	2	5	17
	РК Свети Николе	0	0	0	0	1	1
	РК Пробиштип	0	0	0	0	1	1
9	**РРК Тетово**	1	7	4	3	1	16
10	**РРК Велес**	0	3	2	3	2	10
	РК Неготино	0	0	0	0	1	1
11	**РРК Гостивар**	1	3	1	3	1	9
	РК Кичево	1	2	1	1	0	5
12	**РРК Гевгелија**	0	0	2	2	0	4
	РК Кавадарци	0	0	0	0	3	3
	ВКУПНО:	13	85	93	81	47	**319**

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk



Возрасната структура на вкупниот број на вработените во ЦР е следна:

- 13 вработени се до 29 години возраст или 4% од вкупниот број на вработени;
- 85 вработени се од 30 до 39 години возраст или 27% од вкупниот број на вработени;
- 93 вработени се од 40 до 49 години возраст или 29% од вкупниот број на вработени;
- 81 вработени се од 50 до 59 години возраст или 25% од вкупниот број на вработени;
- 47 вработени се над 60 години возраст или 15% од вкупниот број на вработени;

Централниот регистар е насочен во инвестирање и зајакнување на кадровскиот потенцијал, а имајќи предвид дека вработените се највредниот капитал со кој располага, планирано е зголемување на човечкиот капацитет преку нови вработувања. Зајакнување на капацитетите на човечкиот капитал на институцијата како основен предуслов за нејзина трансформација во сервисно ориентирана организација.

7.1 Развој и унапредување на кадри

Стратешка определба на Високото раководство на Централниот регистар е дека и натаму ќе вложува во унапредување и зајакнување на компетенциите на највредниот капитал на институцијата – своите вработени. Потребата од инвестирање во надградба на кадровскиот потенцијал на институцијата, во вид на обуки посета на семинари и друго стручно усовршување на вработените е најзначајна во процесот на обезбедување на квалитетна и навремена услуга на крајните корисници. За таа цел редовно се планираат и организираат обуки општи и специјализирани обуки и други облици (семинари, конференции и стручни советувања) за стекнување на компетенции преку кои се достигнува планираната цел. Со ова ќе се зголеми и мотивираноста и задоволството кај нашите вработени. Во текот на 2021 година од страна на Министерството за информатичко општество воопшто не беше технички овозможено реализирање на генеричките обуки предвидени во Планот за обука на вработените во ЦР, вработените кај кои беа отстранети техничките проблеми, реализираа дел од предвидените обуки.
Во Годишниот план за Обуки на вработените во ЦР покрај специјализираните обуки од делокругот на работењето на Централниот регистар, планирани се и обуки за личен развој на вработените и тоа: Управување со конфликти, Развој на емоционална интелигенција, Испорака на врвна услуга кон клиенти, Успешна деловна комуникација, Мотивација на вработени, Ефективно лидерство, Стратегиски менаџмент.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

Очекувани влијанија: Ефективно следење и соодветна примена на законски прописи, зголемување на ефикасноста на работењето, унапредување на процесите, следење на светските трендови како и унапредување на личниот развој на сите вработени. Реализација на Годишниот план за обуки на вработените, реализација на заклучоците од спроведената Функционална анализа, дијагностика на потребите од унапредување на кадрите на ниво на институција и реализација и остварување на Годишниот план за обуки, реализација на студиски посети во таргетирани регистри и сл.

Приоритет: висок
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: ОЧР и надлежни раководители
Временска рамка: континуирано 2022 година

7.2 Спроведување функционална анализа во Централниот регистар на Република Северна Македонија како и изготвување на нов Правилник за внатрешна организација и нов Правилник за систематизација на работните места во Централниот регистар

Доколку се јави потреба за менување на организациската поставеност како и потреба од суштински промени на основните акти на ЦР, во текот на 2022 година може да се спроведе Функционална анализа.

Извештајот од оваа анализа би содржел конкретни препораки, чијашто имплементација ќе доведе до конкретни резултати во смисла на подобрување на внатрешните работни процеси во Централниот регистар, од каде што детално би се образложила и потребата од промена и изготвување на нови акти.

Очекувани влијанија: Во текот на изготвување на функционалната анализа може да се увиди потреба од промена на дел од организациска структура заради новите законски надлежности во делокругот на работењето на ЦР. Можно е да произлезе потреба од спојување на дел од организациските единици, реорганизација на работните места и друго.

Приоритет: среден
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: ОЧР и надлежни раководители
Временска рамка: тековно 2022 година.

7.3 Методологија за мотивирање и наградување на вработените

Заради воспоставување на принцип на реално наградување на вработените за поголема мотивација (надвор од редовното законско оценување) иако во 2021 година (заради пандемијата) не беше возможно да се реализира оваа активност, потребно е и во 2022 година да се Формира комисија за изработка на методологијата за унапредување на методологијата за награда на вработени – со вклучување во комисијата на вработени од различни нивоа. Со оваа Методологија за избор на најдобар вработен се дефинираат основни насоки за начинот на постапување при избор на најдобрите вработени и воспоставување на принцип на реално наградување на вработените за поголема мотивација.

Очекувани влијанија: Зголемена ефикасност во работењето, зголемено ниво на задоволство и мотивираност кај вработените, исполнување законските обврски и обврските од колективен договор. Методологијата има за цел да ја зголеми мотивираноста, учинокот и благосостојбата кај вработените и како краен резултат подобри резултати во работењето.

Приоритет: среден
Извори на средства: сопствени ресурси
Надлежност: ОЧР/во соработка со работна група формирана од Директор

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

Временска рамка: Ноември 2022

8. Акционен план за план за работа на Централен регистар за 2022 година

Акциониот план за планот за работа на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2022 година опфаќа подделеност на активности, месечна динамика за секоја активност обележана со виолетова боја, извори на средства за секоја активност и одговорна организациска единица. Финансиските импликации од планираните активности се прикажани во финансискиот план на Централен регистар за 2022 година.

Акционен план за реализација на план за 2022 на Централен регистар															
Активност за 2022		*Рок за реализација по месеци во 2022*												*Извори на средства*	*Надлежна ОЕ*
		1	*2*	*3*	*4*	*5*	*6*	*7*	*8*	*9*	*10*	*11*	*12*		
1	Имплементација на единствен регистар на обезбедени трансакции													Сопствени ресурси	СВР, КД, ОПРМ
2	Активација на банкарска сметка преку Заедничка платформа за започнување на бизнис – Софтверско решение за надградба на Едношалтерскиот системка													Сопствени ресурси	СВР/Регистратор
3	Централизирана платформа за евидентирање на издадени лиценци и дозволи													Сопствени ресурси	СВР
4	Надградба на регионален регистарски портал за модел за прекугранична регистрација на компании													Сопствени ресурси	СВР
5	Едношалтерски систем за инвеститорите													Сопствени ресурси	СВР
6	Дигитализација на архивата на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица и оптимизација на е-архива и архивата во хартиена форма на ЦР													Сопствени ресурси	СВР/Регистратор/надлежни раководители
7	Анализа и иницијатива за промена на законските прописи													Сопствени ресурси	СВР/Регистратор

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

	согласно Директивите на Европска Унија														
8	Надградба на Едношалтерски систем													Сопствени ресурси	СВР/СИТ/Регистратор
9	Надградба на дистрибутивниот систем, системот за е-потврди и системот за електронско плаќање													Сопствени ресурси	СВР/СИТ/Регистратор
10	Надградба и интеграција на системот за централизирано управување на корисници (ЦМК) со Националниот систем за единствена најава (ССО)													Сопствени ресурси	СВР/СИТ/Регистратор
11	Пуштање во употреба на 15-тина електронски услуги од регистрите кои ги води ЦР за регионалната регистарска платформа (bifidex.com)													Сопствени ресурси	СВР/СИТ/Регистратор
12	Надградба на веб сервиси													Сопствени ресурси	СВР/СИТ/Регистратор
13	Надградба на софтверското решение за водење на регистарот на вистински сопственици													Сопствени ресурси	СВР/СИТ/Регистратор
14	Дигитализација на интерни процеси на институцијата													Сопствени ресурси	СВР/СИТ
15	Активности за квалитет согласно стандард ISO 9001													Сопствени ресурси	ОПРМ со надлежни ОЕ
16	Активности за заштита на животната средина согласно стандард ISO 14001													Сопствени ресурси	ОПРМ со надлежни ОЕ
17	Активности за заштита и безбедност на вработените согласно стандардот ISO 45001													Сопствени ресурси	ОПРМ со надлежни ОЕ
18	Одржување на Систем за Безбедност на информации според барањата на ISO 27001:2013													Сопствени ресурси	ОПРМ со надлежни ОЕ
19	Регулирање на безбедноста на													Сопствени ресурси	ОПРМ со надлежни ОЕ

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

	деловни информации на ЦР														
20	Класифицирани информации во ЦР добиени од државни органи													Сопствени ресурси	ОПРМ и надлежни раководители
21	Унапредување на заштитата на личните податоци во ЦР													Сопствени ресурси	ОПРМ во координација со надлежни ОЕ
22	Следење и реализација на планови, цели, проекти													Сопствени ресурси	ОПРМ
23	Управување со ризици во ЦР													Сопствени ресурси	ОПРМ
24	Подобрување на систем за интерна комуникација													Сопствени ресурси	ОПРМ во координација со надлежни ОЕ
25	Развој на нови производи													Сопствени ресурси	ОПРМ, Проектно координативно тело
26	Аналитичка обработка на статистичките податоци за услугите и финансиските показатели на ЦР													Сопствени ресурси	ОПРМ во координација со надлежни ОЕ
27	Заедничката рамка за оценка - CAF													Сопствени ресурси	ОПРМ
28	Тековни активности кои призлегуваат од маркетинг стратегијата на Централен регистар													Сопствени ресурси	ОМОЈ
29	Одржување на содржини од веб страница на ЦР / Одржување на CMS – Content management system - содржини на веб порталот на ЦРРСМ													Сопствени ресурси	ОМОЈ/ОПРМ /КД
30	Спроведување истражувања помеѓу целните групи													Сопствени ресурси	ОМОЈ/КД
31	Учество во работни групи за планирање, креирање и имплементација на нови услуги и производи													Сопствени ресурси	ОМОЈ во координација со останатите ОЕ
32	Одговарање прашања стигнати на e-mail групите од страна на													Сопствени ресурси	ОМОЈ

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

	корисниците на услуги на ЦР														
33	Администрирање на корисниците на Интернет дистрибутивен систем и Систем за е-потврди													Сопствени ресурси	ОМОЈ/СИТ
34	Промоција на имплементирани нови услуги и производи													Сопствени ресурси	ОМОЈ во координација со останатите ОЕ
35	Следење на контакт форма и e-mail групите од страна на корисниците на услуги на ЦР													Сопствени ресурси	ОМОЈ
36	Публикација на најуспешни													Сопствени ресурси	ОМОЈ/оддел ение за водење на регистар на годишни сметки
37	Комуникација со медиуми													Сопствени ресурси	ОМОЈ/КД
38	Клипинг сервис													Сопствени ресурси	ОМОЈ
39	Организирање на настан													Сопствени ресурси	ОМОЈ
40	Обезбедување сигурно и безбедно напојување на критичната телекомуникациска опрема во канцеларииите со нови уреди за непрекинато напојување (УПС)													Сопствени ресурси	СИТ
41	Квалитетно и непречено функционирање на работата во канцеларииите со нова периферна компјутерска опрема - мултифункциски уреди													Сопствени ресурси	СИТ
42	Достапност до нови функционалности преку обнова на лиценци за виртуелизација													Сопствени ресурси	СИТ
43	Зголемување на нивото на компјутерска безбедноста преку обезбедување													Сопствени ресурси	СИТ

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

	поддршка за постојниот SIEM уред - Q-radar														
44	Зголемување на капацитетот за складирање на податоци и овозможување редундантност со надградба на Системот за складирање на податоци													Сопствени ресурси	СИТ
45	Обезбедување континуитет во работењето со обновување на софтверски лиценци (продолжување на постоечки лиценци за софтвер за анкети, за валидација на емаил адреси (се користи во сите софтверски решенија), сертификати за системите, софтвер за автоматско испраќање на емаил пораки, софтвер за далечински пристап)													Сопствени ресурси	СИТ
46	Обезбедување доказ и интегритет на податоците во електронски документ со вградување временски печат													Сопствени ресурси	СИТ
47	Зголемување на безбедност на податоци и отстранување слабости на информациските системи со пенетрациско тестирање на безбедноста на информациските системи													Сопствени ресурси	СИТ
48	Овозможување повисока достапност на услугите, отстранување безбедности пропусти и дефекти преку овозможување на поддршка - гаранција													Сопствени ресурси	СИТ

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

	за критичната опрема во систем сали														
49	Автоматизирање на процесот за креирање и дистрибуција извештаи со помош на Софтверско решение за генерирање извештаи													Сопствени ресурси	СИТ
50	Автоматизирање на процесот на управување со промени со надградба на Софтверско решение за управување со ИТ процеси													Сопствени ресурси	СИТ
51	Реновирање на деловниот простор во Централен регистар													Сопствени ресурси	СЕПР
52	Воведување на сметководствен систем со повеќе модули во Централен регистар													Сопствени ресурси	СЕПР, СВР, СИТ, ОПРМ, ОЧР
53	Редовна санација и одржување на деловниот простор на Централен регистар													Сопствени ресурси	СЕПР
54	Развој и унапредување на кадри													Сопствени ресурси	ОЧР и надлежни раководители
55	Спроведување функционална анализа во Централниот регистар на Република Северна Македонија како и изготвување на нов Правилник за внатрешна организација и нов Правилник за систематизација на работните места во Централниот регистар													Сопствени ресурси	ОЧР и надлежни раководители
56	Методологија за мотивирање и наградување на вработените													Сопствени ресурси	ОЧР во координација со формирана работна група од Директор